**Република Северна Македонија**
**Основно јавно обвинителство**
**А бр.67/2020**
**Свети Николе, 23.12.2020 година**

Врз основа на чл. 37 став 1 од Законот за јавнообвинителска служба („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 62/15, бр. 231/15, бр. 11/16 и бр. 21/18), јавниот обвинител каде не е избран секретар донесе,

**О Д Л У К А**
**За избор на кандидат по пат на јавен оглас**

1. По јавниот оглас за вработување на јавнообвинителски службеник во Основно јавно обвинителство Свети Николе за работно место Помлад јавнообвинителски соработник за казнено право во Казнено правно одделение -1 извршител, врз основа на Предлог на кандидати од Комисијата за селекција за вработување се избира:

**Никола Митев**

2. Вработувањето на избраниот кандидат од точка 1 на оваа Одлука ќе се изврши по завршувањето на постапката и конечноста на Одлуката.

**О б р а з л о ж е н и е**

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на 15.10.2020 година во дневните весници „Вечер", „Нова Македонија" и „Коха" објави јавен оглас бр. 1/2020 за пополнување на работно место Помлад јавнообвинителски соработник за казнено право во Казнено правно одделение -1 извршител во Основно јавно обвинителство Свети Николе.

По спроведената постапка за селекција за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, врз основа на Предлог на кандидати за вработување, Јавниот обвинител каде не е избран секретар изврши избор на кандидат како во диспозитивот на оваа Одлука.

Во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, ќе донесе Решение за вработување на јавнообвинителскиот службеник на неопределено време.

Оваа одлука за избор се објавува на веб страницата и на огласната табла на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

**ОСНОВЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
**Стево Митевски**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку Јавното обвинителство за чии потреби е објавен јавниот оглас, до Советот на јавнообвинителска служба во рок од осум дена од денот на приемот на писменото известување за извршениот избор.

**ДОСТАВЕНО ДО:**

-Јавно обвинителство на Република Северна Македонија;
- Одделение за управување со човечки ресурси во ЈОРСМ;
-Избраниот кандидат;
-Архива.